РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-1572/1 од 25.03.2026 година, во врска со тужба поднесена од страна на лицето ---- од ---- против Државната комисија ---- – ---- и ---- на ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со бр. 12-1572/1 од 25.03.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 25.03.2025 година, поднесена е пријава во врска со тужба поднесена од страна на лицето ---- од ---- против Државната комисија ---- – ---- и ----, и оформен е предмет бр. 12-1572/1 од 25.03.2026 година. Во прилог на пријавата подносителот покрај две пресуди од Основен граѓански суд ---- и Апелационен суд ---- коишто се однесуваат на трето лице (веројатно да послужат како пример за претходно воспоставена судска пракса), доставува Решение У-5 бр. ---- од ---- година на Управниот суд, Решение УРПЖ бр. ---- од ---- година на Вишиот управен суд, како и Барање за продолжување на постапка до

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Основен граѓански суд ---- - врска 21 ----, во коишто лицето ---- се јавува во својство на барател, односно тужител.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: З.Б. член на ДКСК

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата